Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Врз основа на член 49 став (7) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 215/21), Министерот за животна средина и просторно планирање ја донесе следната:

## ОДЛУКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

1. Врз основа на член 49 став (7) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 215/21), а во врска со Јавниот конкурс за распределување на средства од годишната Програма за финансирање на управувањето со посебните текови на отпад за финансирање и реализирање на едукација и подигнување на јавната свест на граѓаните и субјектите за постапување со посебните текови на отпад објавен, согласно Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 27/23 и 189/23), објавен во Службен весник на Република Северна Македонија“РСМ бр.255/23) објавен во дневните весници „Слободен Печат“ и „КОХА и на официјалната web страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, www.moepp.gov.mk, во период од 4 декември 2023 година до 3 јануари 2024 година, Комисијата формирана со Решение број 11-6829/2 од 04.12.2023 година, поднесе предлог за распоредување на средствата од Јавниот конкурс на правното лице за вршење дејност управување со комуникации и односи со јавност Друштво за услуги „БД Група“ ДООЕЛ, Скопје со пристигнато барање 08-7529/1 од 29.12.2023 година.

2. Носител на Јавниот конкурс за распределување на средства од годишната Програма за финансирање на управувањето со посебните текови на отпад за финансирање и реализирање на едукација и подигнување на јавната свест на граѓаните и субјектите за постапување со посебните текови на отпад се доделува на правното лице за вршење дејност управување со комуникации и односи со јавност Друштво за услуги „ БД Група“ ДООЕЛ, Скопје.

3. Правата и обврските помеѓу носителот на Јавниот конкурс Друштво за услуги „ БД Група“ ДООЕЛ, Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање, ќе се уредат со договор за распоредување на средства.

### Образложение

Врз основа на член 49 став (6) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 215/21), а во врска со Јавниот конкурс за распределување на средства од годишната Програма за финансирање на управувањето со посебните текови на отпад за финансирање и реализирање на едукација и подигнување на јавната свест на граѓаните и субјектите за постапување со посебните текови на отпад објавен, согласно Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 27/23 и 189/23), објавен во Службен весник на Република Северна Македонија“РСМ бр.255/23) објавен во дневните весници „Слободен Печат“ и „КОХА и на официјалната web страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, www.moepp.gov.mk, во период од 4 декември 2023 година до 3 јануари 2024 година, се формира Комисија со Решение број 11-6829/2 од 04.12.2023 година.

Комисијата на два состанока ги разгледа доставените барања по објавениот јавен конкурс и по целосна проверка и анализа на доставените барања, Комисијата на ден 18.01.2024 година подготви Записник од постапката на оценување на понудите и при што предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да донесе одлука за распоредување на средствата од јавниот конкурс на правното лице **Друштво за услуги „БД Група“ ДООЕЛ, Скопје** кое беше оценето како најдобар понудувач, односно добива вкупно 960 бода од максимално предвидените 1000 бода, со пристигнато барање 08-7529/1 од 29.12.2023 година

Врз основа на член 49 став (7) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 215/21), Министерот за животна средина и просторно планирање, донесува Одлука за распоредување на средства од јавниот конкурс од Програма за финансирање на управувањето со посебните текови на отпад за финансирање и реализирање на едукација и подигнување на јавната свест на граѓаните и субјектите за постапување со посебните текови на отпад, согласно Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 27/23 и 189/23). Средствата за реализација на јавниот Конкурс се обезбедуваат од сметката 121011520263110, програма 26, конто 425.

**МИНИСТЕР**

**КАЈА ШУКОВА**